Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
Institucioni Nacional Muzeu Arkeologjik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр.-Nr. 03-429/63
07.11 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: arheoloskimuzej@yahoo.com

Врз основа на чл.77-е, чл.77-ж и чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 13 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје, член 12 став 2 алинеа 17 и 19 од Статутот на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-287/3 од 08.04.2019 година, Јавен оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година, Решение за номинирање членови на Комисија за постапка за вработување бр.03-429/52 од 03.10.2019 година, Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/54 од 18.10.2019 година и Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/62 од 01.11.2019 година, В.Д Директорот на ден 06.11.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по јавен оглас бр. 03-429/15 од 16.08.2019 година

По објавениот јавен оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година за засновање на работен однос на неопределено време за работна позиција „Кустос“- 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Радомир Ивановиќ од Скопје.

Изборот е извршен врз основа на Конечна ранг листа на кандидати бр.03-429/62 од 01.11.2019 година.

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на работна позиција „Кустос“ во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, со склучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе бидат известени неизбраните кандидати.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Од страна на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје беше објавен Јавен оглас бр. 03-429/15 од 16.08.2019 година, во три дневни весника и тоа “Вечер”, “Нова Македонија ” и “Коха”, како и на веб-страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје. Со Решение за номинирање членови на Комисија за постапка за вработување бр.03-429/52 од 03.10.2019 година од страна на Министерството за култура

беше формирана Комисија за постапка за вработување која изврши административна селекција на пријавените кандидати на јавниот оглас за што состави Записник бр.03-429/54 од 18.10.2019 година. Комисијата на ден 01.11.2019 година ја спроведе и втората фаза од постапката за селекција за вработување односно спроведе интервју со пријавените кандидати кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на доказите за што состави Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/62 од 01.11.2019 година и до В.Д Директорот достави Конечна ранг-листа на кандидати бр.03-429/62 од 01.11.2019 година. Од конечната ранг листа на кандидати се утврди дека кандидатот Радомир Ивановиќ има освоено најголем вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правно дејствие: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архива
- Именуваните

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
В.Д Директор
Горан Санев

Изработил: А.Т
Согласен: И.М
Одобрил: А.С